Бр. 67 Цена: 60 ден. март 2016

# ШТИТ

ISSN: 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



## ОБУКА ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

ПРИПАДНИЦИТЕ НА ВОЗДУХОПЛОВНАТА БРИГАДА НА ПАДИНИТЕ НА ШАР ПЛАНИНА

## ДА СЕ СКРОТАТ НАДОЈДЕНИТЕ ВОДИ

АРМ ВО СЛУЖБА НА ГРАЃАНИТЕ

★АРМ - НАТО ★ РАПОРТИРАЊЕ ★ ОРУЖЈЕ ★ ВОЕНА ИСТОРИЈА ★ ИГРИ И СИМУЛАЦИИ ★



# ЕДИНСТВЕН ДРЖАВЕН ПРОТОКОЛ

## ПОТРЕБА И НОРМА ЗА ПРАВИЛНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

**„Со терористи може да се преговара, но со протоколот не“**

*Џорџ Буш Постариот*

Протоколот и активностите кои произлегуваат од него во основа претставуваат низа на признати правила кои наложуваат добро однесување во службениот живот, однесување кое во основа го детерминира дипломатскиот успех, односно неуспех. Развојот на протоколарните правила и професионалноста во областа „де факто“ се во функција на сопствената држава и на етаблирање на нејзиното место во меѓународната заедница. Протоколот претставува низа правила кои наложуваат добро однесување во службениот живот и на церемонии кои вклучуваат цели влади и нации, како и нивни претставници. Тоа е признат систем на меѓународна учтивост. Терминот ***„протокол“*** доаѓа од грчкиот збор „protókollon“ (формиран од зборовите „protos“ - прв и „kólla“ – лепило), што во буквален превод е прво залепено ливче, односно ливче кое Грците го употребувале за означување на документи. „Протоколум“ потоа значел изготвување официјални јавни документи, од кои некои биле наречени протоколи.
Денес, во сложеноста на промените што ги носи дваесет и првиот век, протоколот претставува главна социјална дисциплина без која средбата на крунисаните глави и претседатели на држави, влади, собранија и слично, би имала мала важност. Со протоколот, средбите на светските водачи добиваат комбинација од убаво однесување и здрав разум, што, во основа, овозможува успешна комуникација.

**ДРЖАВНИОТ ПРОТОКОЛ ИЗВРШУВА СТРУЧНИ, ОРГАНИЗАЦИСКИ И ТЕХНИЧКИ РАБОТИ ЗА ПРОТОКОЛОТ И ЦЕРЕМОНИЈАЛИТЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ, МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА И ДРУГИТЕ ТЕЛА НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ И ДРЖАВНАТА УПРАВА, КАКО И РАБОТИ И ПРОГРАМИ ЗА ПОСЕБНИ СВЕЧЕНИ И ДРУГИ ПРИГОДИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. ВОЕДНО, ДРЖАВНИОТ ПРОТОКОЛ ГИ ИЗВРШУВА И РАБОТИТЕ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА ДРУГИТЕ ДРЖАВИ И МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.**
**ОВОЈ НАПИС ИМА ЦЕЛ ДА ЈА ЗАПОЗНАЕ ПОШИРОКАТА ЈАВНОСТ СО ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЕДИНСТВЕН ДРЖАВЕН ПРОТОКОЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. ИНИЦИЈАТИВАТА БЕШЕ ПОДДРЖАНА И ОД СЕКТОРОТ ЗА ПРОТОКОЛ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ПРИ ШТО СЕ ИНИЦИРАШЕ ДОНЕСУВАЊЕ НА УРЕДБА ИЛИ ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТАТА НА ПРОТОКОЛОТ НА НИВО НА ЦЕЛАТА ДРЖАВА, ПРАВИЛНИК ВО КОЈШТО БИ БИЛЕ ОБЕДИНЕТИ СИТЕ ПРОТОКОЛИ КОИШТО ФУНКЦИОНИРААТ ВО РАМКИТЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ КОИ СЕ СПОМЕНАТИ**

Враќајќи се кон сржта на зборот „протокол“, можеме да истакнеме дека тој, во својата потесна смисла, го означува оригиналот на јавните документи, записниците на меѓународните конференции, договори, спогодби. Во поширока смисла, пак, означува збир на правила кои треба да се применуваат во протоколарните, државните и дипломатските свечености, официјалните односи и општествениот живот. Правилата на протоколот се еден од заштитните елементи на угледот на една држава.
Протоколот е низа на правила кои наложуваат добро однесување во службата за време на церемонии од секојдневниот живот и церемонии со високи воени и државни претставници. Тоа е признат систем на меѓународна учтивост и добри манири со кои се почитуваат правата, статусот и достоинството на другите.

За протоколот како целина можеме да кажеме дека е и наука и уметност во постојан развој.
Одговорноста што новите нации ја добиваат во светските случувања, како и порастот на мултилатералната дипломатија низ институциите како Обединетите нации, неизбежно доведуваат до цутење на дипломатските врски. Таквиот развој на состојбата, не само што ја истакнува важноста на протоколот, туку треба и да нè потсети дека подготовките за посета на државник и државни службеници се воедно и наука и уметност: наука, бидејќи нијансите на протоколот се во исто време и суптилни и егзактни; уметност, бидејќи проверениот протокол секогаш носи лични обележја.
Церемонијал, пак, е строго почитување на пропишаните или вообичаените формалности при свечени пригоди. Таа дефиниција

ќе нè наведе да помислиме на сликата на величествените свечености видени преку средствата за јавно информирање, без оглед дали се работи за устоличување на некој монарх или папа, за претседателска инаугурација или раскошен церемонијал на источните дворови, секогаш во сеќавање ни доаѓаат свечената облека, шеширите со перјаница, врзаните униформи или сликовитите паради во целата нивна возвишена убавина. Церемонијалот, сепак, е далеку повеќе од сето тоа. Како споредба кон кажаното, протоколот е форма на хиерархиски ред, израз на добро однесување помеѓу нациите. И, како што пристојноста е едно од основните правила на секојдневниот живот, така и протоколот е збир на правила на однесување за владите и за нивните претставници на службените и на неслужбените настани.
Имено, протоколот е низа правила кои наложуваат добро однесување во службениот живот и на церемонии кои вклучуваат влади и нации, како и нивни претставници. Протоколот подразбира **„етикеција“** што потекнува од францускиот збор ***„étiquette“***, што значи добро однесување. Една друга дефиниција вели дека протоколот претставува збир на правила кои ги регулираат прашањата на „етикецијата“, почест и пресеанс на званичните церемонии. Протоколот стапува во сила уште во времето на старите Египќани кои ја издале книгата ***„Инструкциите на Птахотеп“***. Со тоа може да се каже дека покрај плугот и календарот, тие го измислиле и правилото на добро однесување. Книгата била напишана во 2000 година пр.н.е. на писмото на свештениците, а истата се чува во националната библиотека во Париз и е позната под името ***„Папирусот на Прус“*** (според името на донаторот).
До XIX век француските термини ***„protocole diplomatique“*** или ***„protocole della chancellerie“*** се однесувале на церемонијалните правила кои морале да се почитуваат при пишаните официјални контакти меѓу држави и други министри. Денес протоколот служи како кодекс на меѓународна љубезност во којашто се вклопуваат дипломатските форми, церемонијалот и етикецијата. Во деловниот свет, денес зборот протокол се употребува наместо зборот етикеција, бидејќи звучи поделовно и поофицијално.

## ДРЖАВНИОТ ПРОТОКОЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Државниот протокол на Македонија е со длабоки корени во историјата. Најстари податоци за протоколарните активности во државната традиција на Македонија можат да се пронајдат во делата на античките автори кои ги забележале активностите на владетелите од династијата на Аргеадите кои ја формирале првата македонска држава во 7 век пред нашата ера, династија од која произлегле најпознатите владетели на Македонија, Филип II и Александар III Македонски. Во историските извори активностите на државниот протокол не се обработувани во детали и засебно. Почнувајќи од првата „Историја“ напишана од таткото на историјата, Херодот, во 5 век пред нашата ера, преку делата на римските историчари Квинт Куртиј Руф „Историја на Александар Македонски“ и „Историја на походот на Александар Македонски-Абанаса“ од Аријан во одредени описи на активностите на државниот врв се забележани интересни податоци за државниот протокол во Македонија. Такви податоци се дадени во описите на приеми на високи делегации од странски држави, протоколот за потребите на војската пред одење во секоја битка, протоколи при секојдневните активности на државниот апарат и војската, протоколи за погребни церемонии за великодостоинствени и слично. Особен белег во историјата на државниот протокол во Македонија ни дава средновековниот период кога од Преспа и од Охрид била раководена македонската држава на чело со цар Самуил.
Државниот протокол во Република Македонија претставува низа мерки и активности за справување со прашања од областа на протоколот, со цел да се почитуваат сите правила на однесување и сите гости да се добро згрижени. Постојниот државен протокол извршува стручни, организациски и технички работи за протоколот и церемонијалите за потребите на: Претседателот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана и другите тела на државната власт и државната управа, како и работи и програми за посебни свечени и други пригоди од значење за Република Македонија. Воедно, државниот протокол ги извршува и работите кои се однесуваат на остварување на правата на претставниците на другите држави и меѓународни организации во Република Македонија. Основна задача на протоколот е директна поддршка на претпоставениот при справување со сите аспекти кои се однесуваат на посети, конференции, средби и социјални настани кои се иницираат и се реализираат во Република Македонија на државно ниво, преку извршување на поголем број дефинирани задачи, меѓу кои: подготвување, организирање, следење и извршување активности во врска со службените посети на претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија, претседателот на Владата на Р. Македонија, министерот за надворешни работи, министерот за одбрана, министерот за внатрешни работи, началникот на ГШ на АРМ и други високи претставници во органите на државна управа, наши претставници во странство и возвратни посети на тоа ниво, и ги менаџира програмите за сите протоколарни активности; подготвување и организирање активности во врска со посети на претседателот на Република Македонија и врховен командант, и други високи личности на команди и единици на АРМ, како и негово присуство на воени свечености; координирање и соработка со МНР и МО по повод приеми и проштални посети од страна на амбасадорите и воените аташеи, како и повикување при изведување на воени вежби, прослави и слично; организација на полагање на венци по повод разни празници и значајни датуми од македонската историја; организација на работни обреди, вечери, приеми, балови, посета на културно-историски споменици и слично; организација на посети, семинари, конференции, брифинзи, состаноци и други настани.
Протоколот е одговорен и за одредување и уредување на локацијата и за просторијата каде што ќе се одржува настанот (цветни аранжмани и декорација, знамиња, титулари, подароци, обезбедување на аудио-визуелна опрема и сл.), обезбедување преведувачи за време на средбите со странските претставници, обезбедување и подготовка на биографии иинформации за гостите, советување на претпоставениот за обичаите, нивната историја и знаците на внимание; подготовка на листа за проверка за секоја активност; одговорност за резервација на хотели, на VIP-салони на аеродромите, на ресторани, избор на културно-забавни содржини за странските претставници, имајќи ги предвид естетските, политичките и културните карактеристики; грижа за организирањето на безбедноста и придружбата за домашните и странските претставници; извршување на други организациски, стручни и технички работи на барање на другите органи во рамките на државната управа.
Протоколот ги планира, ги координира и ги организира државните церемонии и протоколарни манифестации (државни и верски празници, изборот на највисоки државни функционери, свечени и службени приеми и коктели, државни погреби и слично), учествува во подготовката и реализацијата на посети на странски државници во сопствената држава и на државни функционери во странски држави, како и на меѓународни мултилатерални средби во државата и странство и ги извршува сите работи во рамките на утврдените надлежности. Обемот на работата вклучува организирање на јавни државни настани, одбележување на годишнини и јубилеи, организирање на свечени пречеци на странски државници, организирање на работни средби и состаноци на носителите на високи државни функции, изготвување на програми и сценарија за наведените настани, обезбедување и размена на соодветни подароци, обезбедување на превоз, хотелско сместување и слично. Сето ова покажува дека улогата и значењето на протоколот во рамките на државата е мошне значајна и круцијална за правилното функционирање и претставување на државата и нејзините институции.

*МБА спец. Санде Смиљанов*

